ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО
# ДЕПОЗИТНА СМЕТКА 696

01 2021 05 08/3

Скопје, август 2021 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 12 |
| Финансиски извештаи за 2020 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 13 |
| Биланс на состојба | 14 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 15 |
| - Сметководствени политики | 15 - 16 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 16 - 18 |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 11-167/18

Дата: 30.08.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Тетово на депозитната сметка (696) за 2020 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Основниот суд Тетово за 2020 година изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основниот суд Тетово за 2006 година, депозитна сметка (696) и е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на прикажаните состојби во финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Основен суд Тетово, депозитна сметка (696), за 2020 година, е констатирано следното:

- не е обезбеден целосен увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по одделни предмети, заради невоспоставена евиденција по предмет;
- неизвршениот надзор над материјално - финансиското работење со средствата на депозитите и одземените предмети;

- не е извршен попис на примените средства по основ на судските депозити и
- внесување на податоци во деловните книги без веродостојни, вистинити сметководствени документи.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата обелодени дека во Основниот суд се чуваат предмети кои се одземени со правосилна одлука во прекршочна и кривична постапка, кои не се преземени од Агенцијата за управување со одземен имот.

Во делот на Останати прашања известивме за потребата од пропишување на формата и содржината на обрасците за водење на судски депозити и усогласување на законската регулатива и Судскиот деловник во однос на сопственоста на примените депозити по нивната застареност.

Од страна на одговорното лице на Основен суд Тетово не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 13 и 14 заедно со ревизија на усогласеност на Основен суд Тетово на депозитната сметка (696), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Основен суд Тетово за 2006 година и е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Основен суд Тетово застапувано од:

- м-р Хасан Асани, претседател на Основен суд Тетово од 23.11.2017 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.03.2021 до 15.05.2021 година кај Основен суд Тетово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основниот суд Тетово за 2006 година, депозитна сметка (696) и е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.
Бидејќи од последната ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, на ден 07.05.2021 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.11-167/10 од 15.07.2021 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Со извршената ревизија на материјално-финансиското работење на депозитната сметка кое го опфаќа работењето на Основниот суд со вонбуџетски средства, односно ракувањето со туѓи средства кои судот ги прима од други органи, правни и физички лица како судски депозит, а најчесто за увид, вештачење, награди за стечајни управници и друго, ревизијата констатираше состојби кои не се во согласност со одредбите од Судскиот деловник и тоа:

- внесувањето и обработката на податоците во врска со материјално финансиското и сметководственото работење со депозитната сметка се врши со користење на соодветна апликација за обработка на податоците. Согласно член 360 и 361 од Судскиот деловник, судот треба да води

сметководство на депозитите на начин што обезбедува увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по одделни предмети. За примање и издавање на судските депозити од депозитната сметка треба да се води дневник за привремени и редовни депозити, картици по број на предмет и картици по депонент.

Со извршениот увид во сметководствената документација и евиденцијата на депозитите, ревизијата утврди дека во Основниот суд за примање и издавање на депозити се води Уписник за депозити. Од втората половина на 2020 година, преземени се активности за воспоставување на евиденција на новите депозити по депонент, а пренесените депозити од претходна година се евидентирани под комитент - Основен суд. Не се водат картици по број на предмет, со што не е обезбеден целосен увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по одделни предмети. Со член 334 и член 340 од Судскиот деловник предвидено е судските депозити да се уплатуваат по наредба на судија поединец, претседател на совет или претседател на суд. Доколку на депозитната сметка на судот има депониран депозит за кој не е издадена наредба за депонирање од страна на судот, овластениот судски службеник писмено треба да го извести претседателот на судот, кој во рок од пет дена од приемот на известувањето треба да донесе наредба за понатамошно постапување со судскиот депозит.

Со увид во сметководствената документација ревизијата утврди дека за уплатите на депозитната сметка не се доставува наредба за депонирање на средства како основ за евидентирање.

Препорака:
Одговорното лице на основниот суд да продолжи со отпочнатите активности во насока на:

- воспоставување на сметководствена евиденција на депозитите на начин што обезбедува увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по одделни предмети и
- навремено доставување на наредбите за уплата на депозити до сметководството, што ќе биде основ за сметководствено евидентирање.

4.1.2. Согласно член 366 од Судскиот деловник, по составувањето на билансот на средствата на депозитите, претседателот на судот треба да определи комисија од три члена за преглед на севкупното работење со средствата на депозитите од претходната година. Комисијата треба да изготви извештај, кој го поднесува до претседателот на судот. Во однос на надзорот над работењето со депозитните средства, со член 368 од Судскиот деловник предвидено е претседателот на судот најмалку два пати годишно да врши преглед на севкупното финансиско и материјално работење.

Со увид во документацијата ревизијата утврди дека од страна на претседателот на

судот во 2020 година не е формирана комисија за преглед на работењето на средствата евидентирани на депозитната сметка, со што не е постапено на начин утврден со одредбите од Судскиот деловник. Исто така на ревизијата не и беше доставен доказ дека од страна на претседателот на судот двапати годишно се врши преглед на севкупното материјално и финансиско работење, а доставени се Записници за редовна контрола и проверка на работењето на судските писарници и архиви.

Формирањето на комисија за преглед на депозитите ќе придонесе за поголема контрола над работењето со депозитите и навремено известување на претседателот на судот доколку се утврдат неправилности, со цел отстранување на истите.

Во текот на ревизијата од страна на претседателот на судот преземени се активности и извршена е контрола и проверка на депозитната сметка, за што е изготвен Записник СУ бр.109/21-1 од 14.04.2021 година, во кој е констатирано дека не се утврдени нерегуларности.

**Препорака:**

Од страна на одговорното лице да се преземат активности за:

- вршење на преглед и изготвување на извештај за работењето со средствата за депозитите со состојба на 31.12 од страна на формирана комисија и
- вршење на надзор над севкупното материјално и финансиско работење, од страна на претседателот на судот, на начин предвиден со Судскиот деловник.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Основниот суд нема преземено активности за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на паричните средства и обврските по основ на судските депозити кои со состојба 31.12.2020 година се искажани во износ од 18.855 илјади денари, и тоа преку споредување на салдото на паричните средства искажано во деловните книги и салдото од последниот извод, како и утврдување на причините за неизмирените обврски спрема депонентите на судските депозити со проверка на документацијата за уплатените и исплатените судски депозити.

Ваквата состојба на неспроведување на попис на начин пропишан со член 31-б и 31-в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници го оневозможува утврдувањето на правниот основ на депозитите, старосната структура, статусот на судските депозити (завршени / незавршени), евентуално враќање на судскиот депозит или уплата на средствата во Буџетот на РСМ доколку се утврди дека постојат депозити постари од десет години од денот на нивното предавање.

Препорака:
Одговорното лице на судот да преземе мерки и активности за спроведување на целосен попис на судските депозити со цел утврдување на старосната структура, статусот на предметите и предлагање на мерки и активности за постапување.

4.2.2. Предмети употребени или наменети за извршување на кривично дело, што настанале со извршување на кривично дело, или добиени како награда за кривичното дело, кои ќе послужат како доказ во кривичната постапка, или се пронајдени кај обвинетиот и не се знае на кого припаѓаат, согласно член 275 од Судскиот деловник се заведуваат во книга за одземени предмети. Парите, хартиите од вредност и скапоцености се чуваат во каса во благајна доколку треба да послужат во претресот како доказ, а во спротивно се предаваат на чување кај надлежна банка. Другите предмети се евидентираат во книга на одземени предмети и се предаваат на чување на овластениот судски службеник во судската писарница. Примањето, чувањето, ракувањето и поништувањето на предметите заведени во книгите на одземени предмети се врши според одредбите за материјално финансиско работење од деловникот.
Со увид во документацијата за одземени предмети ревизијата утврди:

- Одземените парични средства и скапоцености со наредба на судија се предаваат во благајна, се евидентираат во соодветниот образец за евиденција на одземени предмети и се чуваат во каса доколку со наредба на судијата не е поинаку определено, а другите одземени предмети се евидентираат во образец за евиденција на одземени предмети (корпора деликти) и се чуваат од страна на овластен судски службеник во посебен магацин.
- Од страна на претседателот на судот во 2020 година не се преземени мерки за контрола и проверка на одземените предмети кои се чуваат во благајна и други предмети кои се чуваат во магацин. Со состојба 31.12.2020 година благајникот има изготвено Записник на корпора деликти кои се на чување во судската каса, кој содржи број на предмет, парични средства по апоени, во денари и странска валута и скапоцености за кои не е утврдена нивната вредност.

  Во текот на ревизијата од страна на претседателот на судот преземени се активности и извршен е преглед на одземените предмети во благајна, за што е изготвен Записник СУ бр.109/21-1 од 14.04.2021 година, во кој е констатирано дека не се утврдени нерегуларности при извршената контрола и проверка на одземените предмети кои се чуваат во благајна. Со извршената контрола од страна на вешто лице е утврдена и тежината на скапоцените метали.
- Согласно Записникот на корпора деликти кои се на чување во судската каса, во судската каса се чуваат средства во износ од 10.298 евра и 20

франци, кои не се уплатени на депозитна сметка, ниту се сметководствено евидентирани, од причина што во наредбите на судиите не секогаш е прецизирано дали средствата треба да се чуваат во благајна како доказ во постапката или да се уплатат како депозит. Утврдената состојба не е во согласност со член 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијае врз реалното и објективно прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

Препорака :

Одговорното лице во судот да преземе мерки и активности за:

- редовен надзор и контрола на работењето со одземените средства во благајна и други одземени предмети и
- наредбите на судиите да содржат прецизни насоки за начинот на постапување со одземените предмети со што би се овозможило навремена и редовна уплата на средствата на депозитната сметка и нивно сметководствено евидентирање.

4.2.3.Со извршениот увид во финансиските извештаи за 2020 година ревизијата констатира погрешно прикажување и неусогласеност на одредени билансни позиции со состојба 01.01.2020 година, поради погрешно прикажани состојби во годишната сметка за 2019 година, и тоа:

- на позицијата Парични средства во годишната сметка на Основниот суд со состојба 31.12.2019 година, искажан е износ од 9.090 илјади денари, кој претставува почетна состојба за 2020 година и истиот не соодветствува со салдото на сметката, кое согласно последниот извод бр.96 од 24.12.2019 година изнесува 8.456 илјади денари. Салдото на сметката од 8.456 илјади денари е усогласено со салдото од Уписникот во кој се води уплатата и исплатата на судските депозити во хартиена форма;
- на позицијата Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година со состојба 31.12.2019 година наместо 8.456 илјади денари, искажан е износ од 9.090 илјади денари;
- Остварениот вишок на приходи за 2019 година наместо 8.456 илјади денари е искажан во износ од 9.534 илјади денари и
- на позициите Примени краткорочни депозити и Дадени депозити, во годишната сметка на судот за 2019 година евидентиран е износ од 11.382 илјади денари, што претставува и почетна состојба за 2020 година. Ревизијата утврди дека салдото на овие сметки е искажано во износ повисок за 2.926 илјади денари, како резултат на извршено намалување на Паричните средства при враќање на депозити, а не и на позициите Примени краткорочни депозити и Дадени депозити за истиот износ.

Ваквата состојба на внесување на податоци во деловните книги без веродостојни, вистинити сметководствени документи не е во согласност со член 12 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 5, 12 и 18 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и не дава уверување за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31.12.2019 година.

Од причина што оваа состојба е надмината во 2020 година и билансните позиции со состојба 31.12.2020 година се соодветно евидентирани, ревизијата не дава препорака.

### Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.1 и 4.2 се однесуваат на не е обезбеден целосен увид во состојбата и движењето на средствата на депозитите по одделни предмети, неизвршен надзор над материјално- финансиското работење со средствата на депозитите и одземените предмети, неизвршен попис на примените судски депозити и неусогласеност на билансни позиции.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1 и 4.2 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Основен суд Тетово на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Основен суд Тетово, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Ревизијата има обврска да обелодени дека во Основниот суд се чуваат предмети кои се одземени со правосилна одлука во прекршочна и кривична постапка. Од

страна на Основниот суд правосилните одлуки се доставуваат до Агенцијата за управување со одземен имот, како надлежна институција за управување со одземените предмети на понатамошно постапување. Ревизијата не доби податок кога последен пат е извршено примопредавање на одземена стока помеѓу претставници на Основниот суд и Агенцијата за управување со одземен имот. Ревизијата препорачува Основниот суд и Агенцијата за управување со одземен имот да преземат конкретни активности за преземање на предметите кои се одземени со правосилна одлука во прекршочна и кривична постапка, согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно Судскиот деловник од 2007 година кој е вон сила, предвидени се повеќе обрасци за начинот на водење на судските депозити за кои е утврдена формата и содржината на истите.
Со член 361 од Судскиот деловник од 2013 година за примањето и издавање на судските депозити од депозитната сметка предвидено е да се води Дневник, картици по број на предмет и Картици по депонент од привремени и редовни депозити, но за истите во Судскиот деловник од 2013 година не е пропишана формата и содржината на истите.
Со пропишување на формата и содржината на овие обрасци ќе се придонесе за унифицирање на начинот на водењето на евиденцијата на судските депозити во основните судови и ќе обезбеди увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по поодделни предмети.

7.2. Постои неусогласеност во законската и подзаконската регулатива во дефинирањето на сопственоста на застарените депонирани предмети по истекот на десет години од нивното предавање.
Во член 307 од Законот за вонпарнична постапка предвидено е, ако лицето во чија корист е предаден предметот во депозит или депонентот, во рок од десет години од предавањето на предметот во судскиот депозит не го подигне депонираниот предмет, за што бил редовно повикуван, судот со решение ќе утврди дека депонираниот предмет станал сопственост на Република Северна Македонија.
Во член 359 од Судскиот деловник предвидено е дека ако корисникот на депозитот или депонентот на покана на судот најмалку еднаш годишно не го преземе депозитот, судот по истекот на рокот за застареност од десет години за издавањето, со решение утврдува дека правото на издавање на депозитот е застарено и дека предметот на депозитот станал приход на единката корисник на судската власт.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1 | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 15.328 | 9.534 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 8.456 | 1.859 |
| **Вкупно приходи** | | 23.784 | 11.393 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2 | | |
| Субвенции и трансфери | 3.2.1. | 4.929 | 1.859 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 4.929 | 1.859 |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | 4.929 | 1.859 |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.3 | 18.855 | 9.534 |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | 3.4 | 18.855 | 9.534 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 во 000 денари |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | 4.1 | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 18.855 | 9.090 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 18.855 | 11.382 |
| **Вкупно тековни средства** | | **37.710** | **20.472** |
| **Вкупна актива** | | **37.710** | **20.472** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | 4.2 | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.2.1. | 18.855 | 11.382 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 18.855 | 9.090 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **37.710** | **20.472** |
| **Вкупна пасива** | | **37.710** | **20.472** |